До: Општина Пробиштип

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2025 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил – info@nms.org.mk**
д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 16.01.2026 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-118/2
03.02 2026 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот , поднесено на ден **20.01.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од , наш бр. 24-118/1 од 20.01.2026 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година? Доколку да, колку и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2025 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

СЕ УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **барателот** , имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

1.1 Здруженија на граѓани во кои членуваат млади, а добиле финансиска помош од општина Пробиштип во 2025 година од ставка 463 ( Трансфер до НВО) се:

- Црвен крст Пробиштип, СПД Пробиштип, ГРИТ Пробиштип

1.2 Општина Пробиштип во буџетот нема предвидено посебна ставка за реализација на финансиски средства за млади, но преку средствата наменети за поддршка и поттик на млади, се предвидени и спроведени, во следните програми за изминатата 2025 година:

-Програма за спроведување на активностите на спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2025 година, бр.26-843/8

-Програма за Локален Економски Развој за 2025 година, бр.26-805/23

-Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2025 година бр. 26-843/10 и

-Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2025 година, бр.26-805/22

Во продолжение табеларно ви ги претствуваме конкретните активности и средства кои беа предвидени за млади во програмите на општината за **2025 година.**

**Поддршка на спортски клубови во организација на Општина Пробиштип за 2025**

| Р.б. | Активности и проекти | Финансирање буџет |
|---|---|---|
| 1 | КК „Пробаскет" | 60.000,00 |
| 2. | ОК „ Весна Пробиштип" | 700.000,00 |
| 3. | ФК „Рудар 1947" | 1.200.000,00 |
| 4. | „ЗУСДП" Пробиштип | 50.000,00 |
| 5. | СРД „Злетовица | 150.000,00 |
| 6. | „Вадо карате" доо унија | 200.000,00 |
| 7. | СПД „Пробиштип" | 150.000,00 |
| 8. | Мото клуб „Црни орли" | 100.000,00 |
| 9 | БК „Супер гладијатор" | 200.000,00 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО: | 2.810.000,00 |

Програма за локален економски развој за 2025 година

| Бр. | Планирана активност или проект | буџет | |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Младински центар | 700.000 денари | Врз основа на договор кој го има склучено општината со младинската организација Грит за управување на Младински центар Пробиштип општината секоја година обезбедува средства како поддршка на нивното функционирање |
| 2 | Реализација на активности и програма за работа на Локален Совет на Млади | 60.000 денари | |
| | ВКУПНО | 760.000 | |

Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2025 година

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 18 Мај - Матурска забава Дефиле на матурантите на градскиот плоштад, прогласување на најдобриот ученик на генерацијата | 90.000 |
| 2 | Стипендија за ученикот на генерација | 70.000 |
| | Парични награди на ученици од средно образование, за освоени места на републички, олимписки и меѓународни натпревари | 32.000 |
| | ВКУПНО | 192.000 денари |

1.3 Општина Пробиштип има склучено Договор со Младинска организација Грит за управување во младинскиот центар за период од три години и тоа од 01.01.2023 година до 01.01.2026 година при што секоја година одвојува средства за негово функционирање. Во 2025 година вкупно се реализирани 700.000 денари.

1.4 Општина Пробиштип во 2024 година отпочна постапка за формирање Локален младински совет, при што со Одлука на Совет на општина Пробиштип беше распишан Јавен повик за формирање на Локален младински совет. Линк од Јавниот повик:

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/Javen-povik-za-Lokalen-mladinski-sovet.pdf

Во 2025 година е формиран Локален младински совет, кој брои 5 члена.

https://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/ODLUKA-lokalno-sobranie-na-mladi.pdf

Во буџетот на општина Пробиштип има предвидено 60.000 денари- во Програмата на ЛЕР, за поддршка на Локален младински совет за 2026 година.

1.5 Општина Пробиштип во буџетот нема предвидено посебна ставка млади туку средствата наменети за млади кои се сместени во:

-Програма за спроведување на активностите на спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2026 година бр.26-1101/19,

-Програма за Локален Економски Развој за 2026 година бр. 26-1101/26,

-Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр. 26-1101/27 и

-Годишна програма за Социјална детска и здраствена заштита на општина Пробиштип за 2026, бр. 26-1101/22 година.

-Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2026 година, бр.26-1101/25

Во продолжение табеларно ви ги претставуваме конкретните активности и средства кои се предвидени за млади во програмите на општината за **2026 година.**

**Програма за спроведување на активностите на спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2026 година**

| Р.б. | Планирани активности и проекти | Финансирање |
|---|---|---|
| | | буџет |
| 1 | КК „ПРОБАСКЕТ” | 40.000,00 |
| 2. | ОК „ ВЕСНА ПРОБИШТИП“ | 400.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | ФК „РУДАР 1947“ | 800.000,00 |
| 4. | „ЗУСДП“ Пробиштип | 30.000,00 |
| 5. | СРД „ЗЛЕТОВИЦА | 100.000,00 |
| 6. | „ВАДО КАРАТЕ“ ДОО УНИЈА | 150.000,00 |
| 7. | СПД „ПРОБИШТИП“ | 100.000,00 |
| 8. | МОТО КЛУБ „ЦРНИ ОРЛИ“ | 100.000,00 |
| 9. | ФК „ЗЛЕТОВО СПОРТ“ | 100.000,00 |
| 10. | МЦЦ „РИНГ ОФ ФИРЕ“ | 50.000,00 |
| ВКУПНО: | | 1.870.000,00 |

**Програма за локален економски развој за 2026 година**

| Бр. | Планирана активност или проект | буџет | |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Младински центар | 650.000 | Општина Пробиштип секоја година обезбедува средства, како поддршка за организацијата која раководи со Младинскиот центар |
| 2. | Реализација на активности и програма за работа на Локален совет на млади | 60.000 | |
| 3. | Организирање на обуки за старт-ап компании, стимулација на младите за | 50.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | поттик на економскиот развој | | |
| | Вкупно | 760.000 денари | |

## Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 18 Мај - Матурска забава Дефиле на матурантите на градскиот плоштад, прогласување на најдобриот ученик на генерацијата | 140.000 |
| 2 | Стипендија за ученикот на генерација | 70.000 |
| | Предвидени Парични награди на ученици, за освоени места на републички, олимписки и меѓународни натпревари | 150.000 |
| | Вкупно | 360.000 денари |

## Годишна програма за Социјална детска и здраствена заштита во општина Пробиштип за 2026 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче " Пробиштип | 1.700.000 | Редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче Пробиштип ќе добиваат месечно по 2000 денари во период од 9 месеци, т.е додека трае школската година. |

## Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2026 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Едукативни предавања за сексуално преносливи инфекции и начин за превентива и навремена заштита во училиштата | 40.000 | Предавања за ученици од основните и средни училишта |
| 2 | Едукативни предавања за унапредување на знаење за еднаквост на мажите и жените | 40.000 | Предавања за ученици од основните, средни училишта и преставници од педагошко психолошката служба |
| | Вкупно | 80.000 | |

РЕКАПИТУЛАР

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на спортски клубови и спортски турнири во организација на Општина Пробиштип | 1.870.000 |
| 2. | Програма за локален економски развој | 760.000 |
| 3. | Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип | 360.000 |
| 4. | Годишна програма за Социјална детска и здраствена заштита во општина Пробиштип | 1.700.000 |
| 5. | Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип | 80.000 |
| | ВКУПНО | 4.770.000 денари |

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Пробиштип на ден 03.02.2026 година, под бр.24-118/2

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Изготвил: Дијана Моневска____________________

Контролирал: Марија Митева____________________

Одобрил: Јованка Данева ____________________

Градоначалник на Општина Пробиштип

Тони Тоневски

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕД...
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-118/3
03.02. 2026 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: 03.02.2026 година

До:

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Пробиштип

ВРСКА: 24-118/1 од 20.01.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,

Дијана Моневска, службено лице